

# TANJA BALAC

BALAĆ

J.T.&ART
GALLERI


BALAĆ

# The Interplay of Presence and Absence

The idea is not only that which is seen, some kind od appearance, an image, a shape or a condition, but it is also something which accepts to be seen. It can sometimes be a ray or a vision, it can be light which blinds, seduces or illuminates. Depending on its articulation, it can also make possible our insight into things or fog our perception. The wise Socrates says that matter is not that which makes possible the visibility of things: it is rather the idea that has become visible. Now, our task is to to try and shed light on Tanja Balac's initial vision, clearly hear its pulse, see how the idea of this Macedonian painter becomes visible and how in her work the presence of absence becomes manifest in its non-manifest nature. Before we focus on c concept, we would like to make a brief digression on her background as a painter. Tanja Balac's general stylistic discourse is articulated and made relevant through an incessant flow which constantly follows the initial idea through variously shaded emotional fluctuations. With certain exceptions in terms of realization (oil, pastel and collage) her abstract poetics characterized by geometric rhythm is concentrated primarily on the various emanations of fragmented urban landscape. The initial observation of her current concept defined as "The Interplay of Presence and Absence" carries us to the sphere of the cryptic or, more precisely, to the level of visible invisibility. In terms of visual materialization, she tries to speak to us about the idea which is, in its essence, complex and extensive. Its binary morphological and colourist structure emerges as the primary reflection of our reception. Through a rhytmical interplay between the strict geometric and warm, almost amorphous or Enformel-like painted fields, Bala actually gives us textual collages and exposes before us the established internal balance. Through stylistic flirtation and discreet seduction with the soft colourist layers, her work subtly emanates the secret image of the palimpsest. However, it does not reveal legibly the idea of the double or multi-layered interplay of presence and absence, of the visible and the invisible. Hence, the intimate cryptic nature of the palimpsest, i.e., the complex idea of presence is always based on the original ambivalence. It is a trademark of the work, which always relies on the binary structure and which serves as its foundation; this is so, since presence is a priori confronted with absence. It always emerges as the shadow of the shadow, as the obverse of the reverse of the same coin. That which Tanja Balac allows us to see is the ambiguity that is always on the surface of the visible. As a rule, some other, unforeseeable secret hides in the crypt of the author's subconscious, a secret that remains invisible even to the author her/himself. However, the secret and the mysterious that hide behind the visible are sometimes emanated to the Other, the privileged one. That which seems to prevail in Balac's pastels, and which is simultaneously present and absent, is the subconscious but obsessive presence of distance. Through the soft and multi-layered emotinal sequences and variou colourist links, she joins together fragments of fragments into a single entity. It is also through this blend that she presents to us the collection of lapidary narratives about the intimate events in her real/virtual urban world. However, her works always imply distanced reception. They allow observation and perception, as Derrida puts it, "from the distance of the distance." This distance in her work is not only spatial, it is also temporal. The action takes place in some other chronotopic context from our dreams and in which there is no room for man's being. The presence of letters and signs inscribed in childhood or collaged at a later time in one's life is a compensation for his visible/invisible absence. The impressed messages represent the permanent signs of his past and current, though distant, presence. This presence is articulated through the always emphasized perception and pleasure which derives from the seductive decoding of Tanja Balac's revealed or hidden messages.

Koncha Pirkoska,
art historian and critic

# ИГРАТА НА ПРИСУСТВО НА ОТСУТНОТО

Идејата не е само оно што се гледа, некој вид изглед, слика, облик, или состојба, туку е и нешто што дозволува да биде видено. Таа понекогаш може да биде зрак, но и призрак, светлина која заслепува, заведува или расветлува. Во зависност од нејзината артикулација, таа истовремено може да го овозможи увидот и да го замагли согледувањето. Мудриот Сократ говореше дека, материјата не е таа што го овозможува видливото, туку идејата е онаа која станува видлива. Нашата задача во мигов се состои во обидот да го расветлиме иницијалниот призрак, јасно да го наслушнеме пулсирањето и да видиме како идејата на македонската сликарка Тања Балаќ станува видлива, како присуството на отсутното станува манифестно во својата неманифестност. Пред да се фокусираме на актуелниот концепт ќе направиме сосема куса дигресија на сликарскиот бацк гроунд на авторката. Нејзиниот генерален стилски дискурс го артикулира и актуализира непрекинатиот тек кој низ различно изнијансираното емотивно флуктуирање постојано ја следи изворната идеја. Со извесни мали отстапувања во материјалната реализација (масло, пастел и колаж), нејзината геометриски ритмизирана апстрактна поетика е концентрирана пред се на различната еманација на фрагментираниот урбан пејзаж. Иницијалното набљудување на актуелниот концепт дефиниран како "Играта на присуство на отсутното" пред се на пренесува во сферата на криптичното, поточно на планот на видливата невидливост. Низ ликовната материјализација, таа се обидува да н& проговори за идејата која во својата суштина е комплексна и екстензивна. Како примарна рефлексија на нашата рецепција & се објавува бинарната морфолошка и колористичка структура. Низ ритмичката игра меѓу строгите геометриски, и топлите, меки, речиси аморфно или енформелистички обоени полиња, Балаќ ги подметнува текстуалните колажи и н& го манифестира воспоставениот внатрешен баланс. Низ заемното стилско кокетирање и дискретното љубовно заведување, со мекото колористичко пластење, таа суптилно н& ја еманира тајната слика на палимпсестот. Но, тој не ни ја открива читливо идејата за двојната или за повеќеслојната игра на присуството и отсуството, на видливото и невидливото. Оттука интимната, криптична природа на палимпсестот, односно комплексната идеја за присуството, во својата основа секогаш ја има изворната амбивалентност. Таа е нејзиниот заштитен знак кој секогаш егзистира на темелите на бинарната структура, зашто на присуството априори му опонира отсуството. Тоа секогаш се појавува како сенка на сенката, како аверс на реверсот од истата монета. Она што авторката н& дозволува да биде видено е двосмисленоста која е секогаш на површина на видливото. Во криптата на несвесното на творецот, по правило се крие некоја друга, непредвидлива тајна која останува невидлива и за творецот. Но, тоа таинственото, загатливото, скриено зад видливото. понекогаш му се еманира на Другиот-привилегираниот. Она што н& се чини особено доминантно, она што е истовремено присутно и отсутно, во конкретните пастели на Балаќ тоа е несвесното но опсесивно присуство на дистанцата. Преку меките и напластени емотивни секвенци, авторката низ различните колористички линкови ги сплотува фрагментите на фрагментите во рамките на една целост. Низ овој спој таа н& ја презентира збирката лапидарни раскази за интимните доживувања на нејзиниот реално-виртуелен урбан свет. Но, нејзините слики постојано н& ја сугерираат дистанцираната рецепција. Тие дозволуваат да бидат набљудувани и восприемани, како би рекол Дерида, "од дистанца на дистанцата".Таа дистанца во сликите не е само просторна, туку е и временска. Дејствието во нив се случува во некој друг отсонуван хронотопски контекст во кој нема место за битието на човекот. Неговото видливо-невидливо отсуство е компензирано со присуството на одамна врежаните детски, или подоцна исколажирани писма и знаци. Втиснатите пораки ги означуваат трајните знаци за неговото некогашно, но и за неговото актуелно но, дистанцирано присуство. Тоа присуство е артикулирано низ секогаш потенцијалното восприемање, уживање во заводливата игра на дешифрирањето на откриените или на скриените пораки на Тања Балаќ.

Конча Пиркоска,
историчар на уметност и ликовен критичар



**PROCES / ПРОЦЕС**
**70X50 pastel / 2006**



**LETTER TO DURER / ПИСМО ДО ДИРЕР**
**70X50 pastel / 2006**




**POLEMICS WITH THE UNKNOWN / ПОЛЕМИКА СО НЕПОЗНАТОТО**
**70X50 pastel / 2006**



**THE QUEST / ТРАГАЊЕ**
**70X50 pastel / 2006**



**STAMP / ПЕЧАТ**
**70X50 pastel / 2006**




**THE RED FOREST / ЦРВЕНАТА ШУМА**
**70X50 pastel / 2005**



THE SECRET CITTY / ТАЈНИОТ ГРАД
70X50 pastel / 2005



FOLLOW THE WHITE LINE / СЛЕДЕТЕЈА БЕЛАТА ЛИНИЈА
70X50 pastel / 2006




**IN OUR OWN EAY / НА НАШ НАЧИН**
**70X50 pastel / 2006**




**TRUTH AND LIE / ВИСТИНА И ЛАГА**
**70X50 pastel / 2005**



**VERTICAL LINES / ВЕРТИКАЛИ**
**70X50 pastel / 2006**



**ME AND MY NIGHTMARE / JAC И МОЈОТ КОШМАР**
**70X50 pastel / 2006**




**MIDSUMMER NIGHT DREAM / СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ**
**70X50 pastel / 2006**



**SLIT / ПРОЦЕП**
**70X50 pastel / 2005**

## TANJA BALAC

Born on the 26th of Fevruari 1968 in Skopje. Graduated in 1991 at the Faculty of fine arts in Skopje at the department of painting. She is a member of the Association of Fine Art Artists of Macedonia (DLUM) since 1991. She has been the President of the Artist Association in the Republic of Macedonia since 2006. She lives and works in Skopje. Study visit in Paris, 2003.

Address: "Vladimir Komarov" 38/1- 15 Skopje / mob. phone: 070 303-636
e-mail:tanjabalac@yahoo.co.uk

## SOLO EXHIBITIONS:

1992 - Skopje, Macedonia, Cultural Information Center (KIC)
Tetovo, Macedonia,Cultural Center Ohrid, Macedonia, Cafe Gallery- Mezzoforte
1996 - Skopje, Macedonia, Cultural Information Center (KIC) Kicevo, Macedonia, Cultural Center "Koco Racin" Kumanovo, Macedonia, Art Gallery
1997 - Skopje, Macedonia, Cultural Information Center ( KIC )
(exhibition on the occasion of the "Metodija Ivanovski- Mende"award)
1999 - Skopje, Macedonia, JAT Ofiice
(humanitarian exhibition "For The Childrsen of Yugoslavia" together
Ljupco Bojarov i Vujka Radivojevik Bojarov)
2002 - Belgrade, Serbia and Montenegro, Gallery "Beograd" Zrenjanin, Serbija i Montenegro, Gallery "Duhovni centar" Banja Luka R. Srpska , Art Gallery ("1000 Kilometars long love")
2003 - Skopje, Macedonia, Museum of the city of Skopje
2004 - Novi Sad- Serbia, Cultural Center-Novi Sad
2004 - Paris, France, Cité des Arts,
2005 - Moskow, Russia, Gallery at the "House of nationalities"
2006 - Maribor, Slovenia, Gallery of the DLUM (Association of Fine Art Artist in Maribor)
2007 - Malmoe Sweden, J.T&Art Galery

## GROUP EXHIBITIONS:

She has participated on more than 80 group exhibitions, in her homeland and abroad.
France, USA, Poland, Bulgaria, Serbia, Russia, Sweden...

## AWARDS:

1992 - Skopje, Macedonia, Award at the Exhibition "The woman- Symbol and Inspiration", Cultural Center "Koco Racin"
1995 - Skopje, Macedonia, "Konstantin Mazev" award for young artists, at the exhibition "Small Scale Painting", Cultural Information Center.
1996 - Skopje, Macedonia, "Metodija Ivanovski- Mende" award at the exhibition "Small Scale Painting", Cultural Information Center.
2001 - Skopje, "Nikola Martinovski" award for drawing at the exhibition "DLUM-drawing" National University Library "St.Kliment Ohridski"
2003 - Skopje, Macedonia, Award for painting at the exhibition "Landscape", DLUM Gallery

## ТАЊА БАЛАЌ

Родена е на 26.02.1968 година во Скопје. Дипломирала 1991 година на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство. Член е на Друштвото на Ликовни уметници на Македонија ( ДЛУМ ) од 1991 година. Студиски престој во Париз, 2003 година. Живее и работи во Скопје. Пртседател е на Друштвото на ликовни уметници од 2006.
Адреса: "Владимир Комаров" 38/1-15 Скопје
тел. 070 303636 / e-mail: tanjabalac@yahoo.co.uk

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1992 - Скопје, Културно- Информативен Центар ( КИЦ )
Тетово, Дом на културата Охрид, Кафе галерија- Мецофорте
1996 - Скопје, Културно- Информативен Центар ( КИЦ )
Кичево, Дом на културата "Кочо Рацин" Куманово, Уметничка Галерија
1997 - Скопје, Културно- Информативен Центар ( КИЦ )
(изложба по повод наградата "Методија Ивановски- Ченто")
1999 - Скопје, претставништво на ЈАТ (хуманитарна изложба за децата од Југославија заедно со Љупчо Бојаров и Вујка Радивојевиќ - Бојаров)
2002 - Белград, Србија Галерија "Београд" Зрењанин, Србија Галерија "Духовни центар"
Бања Лука, Р. Српска Уметничка Галерија "1000 Километри долга љубов"
2003 - Скопје, Музеј на Град Скопје
2004 - Нови Сад Србија, Културен Центар - Нови Сад
2004 - Парис Франција Cité des Arts,
2005 - Москва, Московски Дом на Националности
2006 - Марибор, Галерија на ДЛУМ
2007- Малме Шведска ; J.T.&АРТ Галерија

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Учествувала на повеќе од 80 групни изложби во земјава и странство.
Франција, Америка, Полска, Бугарија, Србија, Русија, Шведска...

## НАГРАДИ:

1992 - Скопје-Награда на изложбата "Жена -Симбол и инспирација",
Дом на културата Кочо Рацин
1995 - Скопје-Награда за млад автор "Константин Мазев" на изложбата "Сликарство мал формат"-КИЦ
1996 - Скопје-Награда за сликарство "Методија Ивановски-Менде" на изложбата "Сликарство мал формат"-КИЦ
2001 - Скопје-Награда за цртеж "Никола Мартиновски" на изложбата ДЛУМ цртеж, НУБ "Климент Охридски
2003 - Скопје Награда за сликарство на изложбата "Пејзаж" - Галерија ДЛУМ

J.T.&ART GALLERI

**MALMOE SWEDEN**
**2007**








BALAĆ